# НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 116, Дата: 30. 01. 2012.**

## СИГУРНОСТ



Некојси маж решил да пренокува со сопругата во нивното мало бротче, кое било врзано во една река, близу до викендичката. Преку ноќта се скинало јажето а бротчето почнало да се спушта низ реката и било однесено прилично далеку од викендичката. Наутро, кога жената излегла на палубата и зачудена извикала: "драги веќе не сме овде".

„Веќе не сме овде" е реалноста со која се соочуваме секојдневно. Многумина од нас преку ноќ се преселија од една држава во друга, без воопшто да го напуштат родното место. Си легнавме во СФРЈ а се разбудивме во РМ. Се образувавме во еден општествено економски систем а сега работиме во сосема поинаков.

Животот е променлив и полн со изненадувања. Идеологијата се менува, културата се менува, техниката се менува, ние се менуваме. Постои ли воопшто нешто во што можеме да бидеме сигурни во секое време и во сите околности?



Една вечер, додека родителите се подготвувале да отидат на некаква празнична забава, заѕвонил телефонот. Се јавил нивниот син, кој учествувал како војник во војната во Ирак. „На пат сум за дома" – радосно соопштил синот. „Прекрасно" – одговорил таткото. „Ќе стигнеш ли навреме за забавата? Сите ќе сакаат да те видат" – задоволно се вмешала во разговорот мајката. „Да, ќе можам да дојдам", одговорил синот и продолжил: „Но сакам да ве прашам дали можам со себе да го доведам и мојот другар од војната?". „Секако – се согласила мајката, - доведи го на забавата, веруваме дека ќе му се допадне." „Но пред да го доведам сакам да ви објаснам нешто за него. Тој беше тешко ранет од граната. Ги загуби двете раце и нозе. Лицето му е деформирано од повредите" – продолжил со разговорот синот. Родителите малку се замислиле ама сепак согласиле: „Во ред. Нека дојде на забавата а може и да остане кај нас неколку дена". „Но вие не разбирате, тој нема каде да живее. Нема никого. Јас сакам да го поканам да живее кај нас" – продолжил упорно да настојува синот. Родителите веќе почнале да го губат трпението: „Синко, тоа не може така. Ти сакаш да ни го загорчиш животот. Па има државни институции кои ќе се погрижат за него. Немаме веќе време да те чекаме за забавата. Дојди си директно дома. Ќе се видиме подоцна." Кога родителите се вратиле доцна вечерта ги дочекала порака од полициската станица на која пишувало: „Ве известуваме дека ноќва, во една хотелска соба, пронајдовме тело на мртов војник. Лицето му беше деформирано а рацете и нозете ампутирани. Од документите разбравме дека станува збор за вашиот син".



На кого можеме да се потпреме и кога најблиските нè изневеруваат? Во Кого можеме да најдеме сигурност во овој несигурен свет? Во **Евреите 13:6** Бог ветува:

***„Нема да те оставам, ниту, пак, ќе те напуштам"***. Тој е нашето прибежиште од род во род **(Пс. 90:1)**. Бог нудел закрила на Своите низ вековите и никогаш не се откажал од грижата кон човекот. Луѓето се променуваат, здравјето може да нè изневери, се околу нас може да се распадне ама Бог нема да нè остави. Тој останува вечното пристаниште на сигурноста. Еден ден сето она на кое сме се надевале ќе се урне во прав. Ќе остане само сигурното прибежиште на вечниот Бог. Затоа каде си ја укотвил твојата сигурност? Во некој човек? Во науката? Во партијата? Во сопствените способности? Или во Оној, Кој останува ист вчера, денес и во вечноста?

**автор- Мите Гошев од Скопје**

**Адреса: „Ново Срце", П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**